# Записник од 21-тата Седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

***Од 21-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 12.7.2019 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 8:00 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 14 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански и Влатко Буровски, отсутен беше Советникот Александар Чамовски.

На седницата присуствуваше раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, и Соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар а повикани присутни на седницата беа и Татјанка Муртовска-Советник во одделението за финансиски прашања, Мишо Догазански- Раководител на Одделението за урбанизам.

Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, за работа на 21-та Седница на Совет го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 20-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Н А Ц Р Т С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;
3. П Р Е Д Л О Г С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;
4. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;
5. Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово;
6. Измена на Годишен План за вработување на Општина Берово за 2019 година;
7. Годишен План за вработување на Општина Берово за 2020 година;
8. Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029;
9. Предлог О Д Л У К А за утврдување на потреба од наплата на комунална такса за јавно осветлување во населено место Абланица, општина Берово;

10. Предлог Одлука за измена на Одлуката за определување на населени места во Општина Берово каде нема јавно осветлување Бр.07-2236/1 од 07.11.2012 година;

11. Предлог О Д Л У К А за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на Договор со ЈПКР "Услуга" Берово за регулирање на правата и обврските по правосилна и извршна Пресуда на Основен Суд Берово П1-30/18 од 24.04.2019 година;

12. О Д Л У К А за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;

13. Р Е Ш Е Н И Е за основање на Општински совет за социјална заштита на во Општина Берово;

14. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2948/2, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;

15. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 15032, КП 15033 и КП 2948/3, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;

16. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12374, КО Берово вон-град, по барање на Љупчо Каламадевски од Берово;

17. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12847, КО Берово вон-град, по барање на Кристинка Двојаковска и Борис Двојаковски;

18. Измена и дополнување на Програмата (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;

19. Измена и дополнување на Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 година);

20. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2019 година;

21. Барање согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ "Дедо Иљо Малешевски" – Берово и Подрачните училишта за учебната 2019 – 2020 година;

22. Годишен План за вработување на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за 2020 година;

23. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;

24. Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово

25. Годишен Извештај за работа на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово за 2018 – 2019 година;

26. Одлука на Управен одбор при ЈПКР “Услуга” Берово за субвенционирање за набавка на половно возило камион кипер за потребите на ЈПКР„Услуга” Берово

27. Заклучок на Управен одбор при ЈПКР “Услуга” Берово за отпочнување на постапка за јавна набавка од страна на општина Берово за набавка на специјално возило за собирање на смет ;

28. Тримесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР„Услуга” Берово за 2019 година;

29. Одлука за обезбедување на финансиски средства за покривање на загубите на ЈПКР„Услуга” Берово за 2018 година;

30. Решение за разрешување и именување на членови на Управен Одбор при ЈПКР Услуга Берово;

31. Годишен План за вработување за 2020 година на ЈПКР “Услуга” Берово;

32. Годишен план за вработување за 2020 година на ОСУ„Ацо Русковски” Берово;

33. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ “Ацо Русковски” Берово за учебната 2019 – 2020 година;

34. Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ОЈУ за деца детска градинка „23 Август”- Берово;

35. Правилник за внатрешна организација на ОЈУДГ „23 Август” – Берово ;

36. Правилник за систематизација на работните места на ОЈУДГ „23 Август” – Берово ;

37. Одлука за давање на согласност за прифаќање на поголем број на деца во ОЈУДГ “23 Август” Берово;

38. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ “23 Август” Берово;

39. О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги вработени во ОЈУДГ “23 Август” Берово и на директорот за 2019 година;

40. Годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово;

41. Годишен план за вработување за 2020 година на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово;

42. Годишен план за вработување за 2020 година на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово

43. Барања од институции и граѓани;

44. Советнички иницијативи и прашања.

Претседателот на Совет на Општина Берово, предложи симнување од дневен ред, на точка со реден број 30, бидејќи во меѓувреме како што истакна се доставени повлекувања на оставките. Потоа го стави на гласање, предлогот точката да биде симната од дневен ред и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани Советници** е усвоено симнувањето од дневен ред на точка со реден број 30.

Потоа го стави целокупниот дневен ред со измената и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** за работа на 21-тата Седница на Совет на Општина Берово е усвоен следниот :

**Дневен ред**

1. Усвојување на Записник од 20-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Н А Ц Р Т С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;
3. П Р Е Д Л О Г С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;
4. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;
5. Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово;
6. Измена на Годишен План за вработување на Општина Берово за 2019 година;
7. Годишен План за вработување на Општина Берово за 2020 година;
8. Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029;
9. Предлог О Д Л У К А за утврдување на потреба од наплата на комунална такса за јавно осветлување во населено место Абланица, општина Берово;
10. Предлог Одлука за измена на Одлуката за определување на населени места во Општина Берово каде нема јавно осветлување Бр.07-2236/1 од 07.11.2012 година;
11. Предлог О Д Л У К А за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на Договор со ЈПКР "Услуга" Берово за регулирање на правата и обврските по правосилна и извршна Пресуда на Основен Суд Берово П1-30/18 од 24.04.2019 година;
12. О Д Л У К А за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
13. Р Е Ш Е Н И Е за основање на Општински совет за социјална заштита на во Општина Берово;
14. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2948/2, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;
15. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 15032, КП 15033 и КП 2948/3, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;
16. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12374, КО Берово вон-град, по барање на Љупчо Каламадевски од Берово;

17. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12847, КО Берово вон-град, по барање на Кристинка Двојаковска и Борис Двојаковски;
18. Измена и дополнување на Програмата (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;
19. Измена и дополнување на Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 година);
20. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2019 година;
21. Барање согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ "Дедо Иљо Малешевски" – Берово и Подрачните училишта за учебната 2019 – 2020 година;
22. Годишен План за вработување на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за 2020 година;
23. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;
24. Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово
25. Годишен Извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за 2018 – 2019 година;
26. Одлука на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за субвенционирање за набавка на половно возило камион кипер за потребите на ЈПКР„Услуга" Берово
27. Заклучок на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за отпочнување на постапка за јавна набавка од страна на општина Берово за набавка на специјално возило за собирање на смет ;
28. Тримесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР„Услуга" Берово за 2019 година;
29. Одлука за обезбедување на финансиски средства за покривање на загубите на ЈПКР„Услуга" Берово за 2018 година;
30. Годишен План за вработување за 2020 година на ЈПКР "Услуга" Берово;
31. Годишен план за вработување за 2020 година на ОСУ„Ацо Русковски" Берово;
32. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019 – 2020 година;
33. Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ОЈУ за деца детска градинка „23 Август"- Берово;
34. Правилник за внатрешна организација на ОЈУДГ „23 Август" – Берово ;
35. Правилник за систематизација на работните места на ОЈУДГ „23 Август" – Берово ;
36. Одлука за давање на согласност за прифаќање на поголем број на деца во ОЈУДГ "23 Август" Берово;
37. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ "23 Август" Берово;
38. О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово и на директорот за 2019 година;
39. Годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ "23 Август" Берово;
40. Годишен план за вработување за 2020 година на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово;
41. Годишен план за вработување за 2020 година на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово
42. Барања од институции и граѓани;
43. Советнички иницијативи и прашања.

1. ***Усвојување на Записник од 20-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничкат Емилија Пачемска која забележува дека на страна 6 во предлог одлука за пристапување на измена не стои на кои име измена се врши а е напоменато на самата седница да се стави името Република Северна Македонија. Бидејќи други забелешки нема, Претседателот го става записникот со измената на страна 6 на гласање и **со 14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Записникот од 20-тата Седница на Совет*.

***2. Н А Ц Р Т С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и **со 8 гласа ЗА, ' против, НЕМА Воздржани Советници** е усвоен *Н А Ц Р Т С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово*.

***3. П Р Е Д Л О Г С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и **со 8 гласа ЗА, 6против, НЕМА Воздржани Советници** е усвоен П Р Е Д Л О Г С Т А Т У Т за измени на Статутот на Општина Берово.

***4. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, Претседателот на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР појаснува дека е одржана комисија и детално се објаснети измените. Повикана е Муртовска Татјанка за појаснување и детално ставка по ставка појаснува во кој дел има измени. Има намалување на планираните средства за јавно осветлување. Има зголемување на средства за одржување на урбана опрема за замена на буквите на плоштадот и за санација на скејт паркот. Буџетот е зголемен за 19 милиони за изградба на пат Владимирово – Мачево. Дополнително се предвидени средства за советниците и за ситен инвентар. Средства се предвидени и за замена на теписонот во општинската зграда со ламинат, за покривање на загубите во комуналното претпријатие. Исто така средства се предвидени и за спогодбите со пожарникарите и за спогодбата со пелагонија за одблокирање на сметката. Има зголемување на патни и дневни трошоци, зголмување на трошоците за храна за ноќната смена на пожарникарите, дополнителни средства се предвидени и за експропријација. Средства се предвидени и за измирување на фактурата за стратегијата за туризам и за фолија за зелен пазар. На ова Советникот Предраг Монев прашува колку средства се на дотации на услуга на што Муртовска одговара дека се 300.000,00 денари за покривање на загуба. Монев прашува за пелагонија ри што Муртовска му одговара дека е склучена спогодба на 24 рати преостанатиот долг да се измири и да сметката е деблокирана. Претседателот на Совет ги стави на гласање измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година и со **8 гласа ЗА, нема советници кои гласале против, 6 Воздржани Советници** се усвоени *Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Берово за 2019 година.*

***5. Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка,за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека по точката има одлука од Советот на Општина Пехчево и мислење на Градоначалникот на Општина Берово. Раководителот на општи и правни работи Анита Рунтевски појаснува од каде произлегува мислењето на Градоначалникот. Претседателот на Совет на Општина Берово, предлага да се потврди мислењето на Градоначалникот, со оглед на тоа што тој најдобро знае какви се расположливите ресурси во општина Берово. За збор се јавува Советникот Предраг Монев, кој истакна дека Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поддржува Градоначалникот и предлага да биде одбиен предлогот. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено предлогот да биде одбиен.

***6. Измена на Годишен План за вработување на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка.Претседателот на комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева истакнува дека Годишниот план е резгледан на комисија, измената се однесува за дополнување на работно место кое во меѓувреме е испразнето, пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоена *Измена на Годишен План за вработување на Општина Берово за 2019 година.*

***7. Годишен План за вработување на Општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка.Претседателот на комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева истакнува дека Годишниот план е резгледан на комисија, комисијата дала забелешки во страна 4 табела 4 кои благовремено се корегирани. Пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоен *Годишен План за вработување на Општина Берово за 2020 година.*

***8. Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутна од гласање е Советничката Русковска, е усвоена *Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029.*

***9. Предлог О Д Л У К А за утврдување на потреба од наплата на комунална такса за јавно осветлување во населено место Абланица, општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** отсутна од гласање е Советничката Русковска е усвоена *О Д Л У К А за утврдување на потреба од наплата на комунална такса за јавно осветлување во населено место Абланица, општина Берово.*

***10. Предлог Одлука за измена на Одлуката за определување на населени места во Општина Берово каде нема јавно осветлување Бр.07-2236/1 од 07.11.2012 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** отсутна од гласање е Советничката Русковска е усвоена *Одлука за измена на Одлуката за определување на населени места во Општина Берово каде нема јавно осветлување Бр.07-2236/1 од 07.11.2012 година.*

***11. Предлог О Д Л У К А за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на Договор со ЈПКР "Услуга" Берово за регулирање на правата и обврските по правосилна и извршна Пресуда на Основен Суд Берово П1-30/18 од 24.04.2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, Советничката Славица Фурнаџиска истакнува дека Претседателот на Совет и Координаторите на советничките групи имале увид во целокупната документација од текот на постапката. Пристапено е кон гласање, со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на Договор со ЈПКР "Услуга" Берово за регулирање на правата и обврските по правосилна и извршна Пресуда на Основен Суд Берово П1-30/18 од 24.04.2019 година.*

***12. О Д Л У К А за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;***

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и истакна дека може да се одлободи од плаќање на комунална такса ако е надвор од градежен реон и нема јавно осветлување. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување.*

***13. Р Е Ш Е Н И Е за основање на Општински совет за социјална заштита на во Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка. Повикан е службеникот Биљана Марковска за координација по предложената точка. Таа истакнува дека според член 142 од Законот за социјална заштита Општинскиот совет за социјална заштита се формира по предлог на Градоначалникот кој номинира лица. Предлог на Градоначалникот е:

1. Биљана Марковска
2. Маре Коловска
3. Роза Пајантова
4. Наташа Лапевска
5. Ферисан Зекиров
6. Биљана Каламадевска
7. Енис Алимановски
8. Марија Умленска
9. Сања Галабовска
10. Ана Пеовска
11. Рената Биљарска
12. Љупчо Димитровски
13. Васко Мамучевски

Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен, предлогот на Градоначалникот.

***14. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2948/2, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;***

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка. За збор се јави Советникот Драган Мустачки, кој предлага да се споат за расправа наредните неколку точки со оглед на тоа што се поврзани. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 2948/2, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово.*

***15. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 15032, КП 15033 и КП 2948/3, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Со оглед на тоа што расправата е претходно завршена, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 15032, КП 15033 и КП 2948/3, КО Владимирово, по барање на Ванчо Рабаџиски од Владимирово.*

***16. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12374, КО Берово вон-град, по барање на Љупчо Каламадевски од Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, никој не се јави за збор, со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12374, КО Берово вон-град, по барање на Љупчо Каламадевски од Берово.*

***17. О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12847, КО Берово вон-град, по барање на Кристинка Двојаковска и Борис Двојаковски;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, никој не се јави за збор, со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 12847, КО Берово вон-град, по барање на Кристинка Двојаковска и Борис Двојаковски.*

***18. Измена и дополнување на Програмата (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, појаснето е дека измената се однесува за ул.„Прохор Пчињски" 1 фаза , со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Измена и дополнување на Програмата (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година*.

***19. Измена и дополнување на Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 година);***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка, никој не се јави за збор, со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Измена и дополнување на Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти (2019 година).*

***20. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Герасим Гриовски, кој истакнува дека угостителите од центарот сакаат да помогнат во изборот на локални бендови и дури се на располагање да финансираат дел. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2019 година.*

***21. Барање согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ "Дедо Иљо Малешевски" – Берово и Подрачните училишта за учебната 2019 – 2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакнува дека е разгледана на комисија и согласно фактичката состојба на новозапишаните ученици се јавува потребата од оваа одлука. За збор се јавува и Советничката Славица Фурнаџиска која кажува дека во с. Мачево има само едно дете, чии родители по сознание бараат да учи во Берово и кажува дека согласно фактичката состојба, немиовно е ставање во мирување на училиштето во с. Мачево. Табелата со измените во печатни грашки е дадена на гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Барање согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ "Дедо Иљо Малешевски" – Берово и Подрачните училишта за учебната 2019 – 2020 година.*

***22. Годишен План за вработување на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакнува дека е разгледана на комисија и комисијата предлага да се усвои. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен План за вработување на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за 2020 година*.

***23. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакнува дека е разгледана на комисија и комисијата предлага да се усвои. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово.*

***24. Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакнува дека е разгледана на комисија и комисијата предлага да се усвои. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен План за вработување за 2020 година на ООУ„Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово.*

***25. Годишен Извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за 2018 – 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакнува дека има одлука од управен одбор, меѓутоа не е доставена до архива. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен Извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за 2018 – 2019 година.*

***26. Одлука на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за субвенционирање за набавка на половно возило камион кипер за потребите на ЈПКР„Услуга" Берово***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка и истакнува дека се предвидени во ребаланс, средства во износ од 300.000,00 денари. Пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоена *Одлука на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за субвенционирање за набавка на половно возило камион кипер за потребите на ЈПКР„Услуга" Берово.*

***27. Заклучок на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за отпочнување на постапка за јавна набавка од страна на општина Берово за набавка на специјално возило за собирање на смет ;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакнува дека за потребите од ова возило веќе претходно е дискутирано. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Заклучок на Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово за отпочнување на постапка за јавна набавка од страна на општина Берово за набавка на специјално возило за собирање на смет.*

***28. Тримесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР„Услуга" Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Предраг Монев, кој истакнува дека има заборавени гранки и одделенија во претпријатието, нема извештај за пречистителната станица и не е потполн извештајот, има добивка во одредени делови а

делови не се прикажани. На ова Советникот Гоце Ружински истакнува дека трошоците се прикажани на предпоследната страна. За збор се јавува и Советничката Славица Фурнаџиска, која истакнува дека извештајот е комплетен и дека има приходи по одделенија а трошоците се после. После расправата, точката е ставена на гласање и со со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоен *Тримесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР„Услуга" Берово за 2019 година.*

***29. Одлука за обезбедување на финансиски средства за покривање на загубите на ЈПКР„Услуга" Берово за 2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка истакнува во актот да се прецизира 300.000,00 денари. Со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоена *Одлука за обезбедување на финансиски средства за покривање на загубите на ЈПКР„Услуга" Берово за 2018 година*.

***30. Годишен План за вработување за 2020 година на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање, со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоен *Годишен План за вработување за 2020 година на ЈПКР "Услуга" Берово.*

***31. Годишен план за вработување за 2020 година на ОСУ„Ацо Русковски" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Истакнато е дека планот не е разгледуван на комисија бидејќи Директорот е отсутен. Пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоен *Годишен план за вработување за 2020 година на ОСУ„Ацо Русковски" Берово.*

***32. Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019 – 2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Советничката Славица Фурнаџиска истакнува дека е за поздрав отварањето на нова струка. Совтеничката Емилија Пачемска вели дека како вработена може да каже дека е струката е корисна со оглед на стопанството во Берово. Пристапено е кон гласање со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Барање за согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019 – 2020 година*.

***33. Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ОЈУ за деца детска градинка „23 Август"- Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Советничката Петрушевска Василева истакнува дека е разгледано на комисија и мора да се промени заради законската обврска. Пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници** е усвоена *Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ОЈУ за деца детска градинка „23 Август"- Берово*.

***34. Правилник за внатрешна организација на ОЈУДГ „23 Август" – Берово ;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Истакнато е дека е за поздрав изготвувањето на правилник по кој ќе се раководи установата. Пристапено е кон гласање со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Правилник за внатрешна организација на ОЈУДГ „23 Август" – Берово.*

***35. Правилник за систематизација на работните места на ОЈУДГ „23 Август" – Берово ;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Советничката Петрушевска Василева истакнува дека е разгледано на комисија, поминатa е на управен одбор и комисијата предлага да се усвои. Никој друг не се јави за збор. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Правилник за систематизација на работните места на ОЈУДГ „23 Август" – Берово.*

***36. Одлука за давање на согласност за прифаќање на поголем број на деца во ОЈУДГ "23 Август" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Советничката Петрушевска Василева истакнува дека во материјалите нема записник од редовен инспекциски надзор а точката треба да биде изгласана, со оглед на записникот. Советникот Гоце Ружински упатува на печатна грешка во преамбулата стои 12 а треба да стои 7. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за давање на согласност за прифаќање на поголем број на деца во ОЈУДГ "23 Август" Берово.*

***37. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ "23 Август" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за јавни дејности Петрушева Василева истакнува дека е разгледана на комисија и комисијата предлага да се усвои. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ "23 Август" Берово.*

***38. О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово и на директорот за 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Никој не се јави за збор. Со **14 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово и на директорот за 2019 година.*

***39. Годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ "23 Август" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисија за јавни дејности истакна дека е разгледан на комисија планот и има техничка грешка на страна 5. Пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, 6 советници против, нема Воздржани Советници**, Претседателот на Совет констатира дека е усвоен *Годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ "23 Август" Берово.*

***40. Годишен план за вработување за 2020 година на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Претседателот на комисија за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева која истакнува дека е разгледан планот на комисија директорот бил присутен и нема комисијата забелешки, предлага да се усвои. Со **13 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, отсутна од гласање е Советничката Емилија Пачемска е усвоен *Годишен план за вработување за 2020 година на Дом на култура "Димитар Беровски" Берово.*

***41. Годишен план за вработување за 2020 година на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Претседателот на комисија за јавни дејности Јованка Василевска Петрушева која истакнува дека е разгледан планот на комисија директорот бил присутен и нема комисијата забелешки, предлага да се усвои. Со **13 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, отсутна од гласање е Советничката Емилија Пачемска е усвоен *Годишен план за вработување за 2020 година на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово.*

По однос на барањата од институции и граѓани, советниците преглагаат пазуза заради координација. Следува пауза од 15 минути.

***42. Барања од институции и граѓани;***

- На барање од жителите од ул.„4" Советот донесе заклучок да се достави допис до Министерство за култура, односно до надлежната комисија за да на наредната седница на Совет испрати присутен член од комисијата (за кое нешто навреме ќе бидете информирани, веднаш по закажувањето на Седницата). Целта за која се бара присутен претставник од Министерството е да се образложи пред Советниците кои се можностите за решавање на проблемот за пробивање на улицата "4" во Берово, имајќи во предвид дека дел од улицата минува преку парцела на која се наоѓа стара куќа заштитена со Закон.
- По барање од Илија Бетински советот донесе заклучок дека Советот нема можност, позитивно да одговори на барањето, од причина што Законот за комуналните такси е дециден, и од наплата на комунална такса за улично осветлување се ослободени само имателите на броила за мерење на електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување.
- На барање од Тимко Топаловски од претходна седница Советот донесе Заклучок Образложението од Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина при Општина Берово, да се достави до барателот
- На барање од Група Штекица советот донесе заклучок Со оглед на тоа што група Штекици, учествува на Етно Плпштад Фестивал Берово, бараната просторија им се дава на користење без надомест, во период од 15.7.2019 заклучно со 28.8.2019 година. Се задолжува барателот да се грижи со внимание на добар домаќин за просторијата која му е дадена на користење и да ја врати на општина Берово во состојба во која е преземена. За евентуално причинета штета, одговорноста за надомест на истата ќе биде на терет на Барателот.
- На барање од Стојан Гаштарски, Советот донесе заклучок дека нема можност позитивно да одговори на барањето, од причина што, исплата на штета, наведена во потврдата од МВР, не е предвидена во Правилникот за критериумите, постапката и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица бр. 09-511/1 од 12.2.2019 година
- По барање од ДК„Димитар Беровски", не е водена расправа од причина што Директорот на именуваната институција го повлекол барањето да се допрецизира
- По барање од „Академија ФК Малеш Вардар Берово", Советот донесе заклучок, доколку во Програмата за спорт на Општина Берово, се предвидени, на „Академија ФК Малеш Вардар Берово" , да им се исплатат 30.000,00 денари за организација на настанот.
- По барање од Здружение на граѓани „Ратевски денови", Советот донесе Решение за исплата на 10.000,00 денари за организација на културно уметничка и спортска манифестација.
- По барање од такси превозници, Советот донесе заклучок, бидејќи такси превозот се регулира во Одлуката за општински линиски превоз, за наредна Седница на Совет да се стави како точка на денвен ред Измени и дополнувања на Одлуката за општински линиски превоз .
- По претходно барање од угостителски објекти Советот донесе заклучок да одговори дека нема надлежност да донесува одлука која е спротивна на законот. Ниту еден Совет на територијата на Република Северна Македонија, нема донесено ваква или слична одлука.

***43. Советнички иницијативи и прашања.***

- Советничката Благица Русковска покренува иницијатива до Градоначалникот на општина Берово, каналот на ул„Велко Влаховиќ”, да биде исчистен и уреден, бидејќи претставува опасност за околината од поплави.

Дневниот ред беше исцрпен , Седницата заврши во 11:20 часот.

Усвоен со
Бр.09-2998/1
22.08.2019 година
Берово

| | | |
|---|---|---|
| *Записничар,* | | *Претседател на Совет,* |
| *Биљана Каламадевска* | | *Јован Матеничарски* |
| ________________ | М.П. | ________________ |
| (*потпис)* | | *(потпис)* |